До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење од Државниот инспекторат за земјоделство, со кое од Државната комисија се бара мислење во врска со тоа, дали може лица кои се вработени во Државниот инспекторат за земјоделство, особено вработени кои вршат инспекциски надзор во врска со земјоделството и шумарството да се стекнат со лиценца за вештаци од областа и надлежностите кои се во делокругот на дејности во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и во исто време да вршат инспекциски надзор во врска со земјоделството и шумарството.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Согласно член 72 став (1) и (2) и член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси и тоа:
Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“
Член 75 став (1)

„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.“

Член 31 став 6 од Законот за вештачење („Сл.весник на РСМ бр.154/23) го предвидува следното:
„(6) Со Кодексот на етика на вештаците се уредуваат правата и обврските на вештаците, правата и обврските за континуирана обука, професионалното однесување и одговорност, конфликт на интереси, професионалниот однос кон нарачателот на вештачењето како и други прашања од интерес на вештаците.“

Согласно член 6 став (1) и (2) од Кодексот на етика за вештаци:
„(1) Вештакот нема да прифати вештачење за конкретен предмет  доколку оцени дека постојат околности кои може да укажуваат на конфликт на интереси. Се смета дека вештакот е во состојба на конфликт на интереси кога постојат околности што може да влијаат врз непристрасно изготвување на стручен наод и мислење или кога вештакот бил компромитиран во професионалното расудување поради влијание од други лица.
(2) Вештакот е должен да го избегнува секој судир на интереси кој може да биде предизвикан од лични, семејни, блиски, антагонистички и слични врски; притисоци и ветувања од страна на нарачател на вештачење, учесник во постапката, претпоставен или од друго лице; финансиски интереси или примање надомест од било каков вид што би довело до претпоставка за постоење на влијание врз објективноста на вештачењето.

Согласно член 12 од Законот за вработени во јавен сектор ( „Службен весник на РМ “ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 И 198/18) и ( „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20):
„Вработените во јавниот сектор не го доведуваат личниот материјален и нематеријален интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус кој може да предизвика судир на интереси, во согласност со одредбите на овој или на друг закон“.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, не постои забрана вработени во Државниот инспекторат за земјоделство, односно инспектори да се стекнат со лиценца за вештаци.
Но, имајќи ги во предвид горецитираните одредби, Државната комисија е на став дека лицата вработени во Државниот инспекторат за земјоделство кои вршат инспекциски надзор во врска со земјоделството и шумарството и кои се стекнуваат со лиценца за вештаци од областа и надлежностите кои се во делокругот на дејности во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, можат да се најдат во состојба на судир на интереси доколку вршат инспекциски надзор врз субјекти од каде претходно биле ангажирани како вештаци.

Согласно наведеното, Државната комисија укажува дека е потребно да се имаат во предвид и следните одредби од Законот за спречување на корупција и судир на интереси:

Член 4 - Начело на интегритет:

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице".

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk